**20100741365**

## АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Врз основа на член 91 став (4), член 94 став (4) и став (5) и член 96 став (4) од Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија” бр. 7/2008), Управниот одбор на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, на седницата одржана на 27.05.2010 година, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ЧЛЕНСТВО ВО ДОБРОВОЛЕН ПЕНЗИСКИ ФОНД

Член 1

Во Правилникот за начинот на членство во доброволен пензиски фонд („Службен весник на РМ бр. 138/2008„) во член 16 во ставот (2) зборовите:„ До петти„ се заменуваат со зборовите: „Најдоцна до трети„ и се додава нова реченица која гласи:„ Доколку првите три дена во месецот се неработни, друштвата ја доставуваат листата на првиот работен ден во месецот.„„.

Во ставот (3) по зборот: „дена„ се додава зборовите: „но не подоцна од петти во месецот“ и се додаваат запирки на почетокот и крајот на зборовите.

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 01-1088/4
27 мај 2010 година
Скопје

Претседател
на Управниот одбор,
**Анета Димовска,** с.р.